Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-523
Дата: 10.07.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство трговија и транспорт МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, застапуван од Миланчо Дамевски-управител. Со Записник бр. 29-523 од 04.07.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 1 и точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштвото за производство трговија и транспорт МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, оператор на инсталацијата за производство на асфалт и ископ, дробење и сеење на минерална суровина никел, варовник и дијабаз, лоцирана во м.в. Гроот КО Велес, да ги отстрани недостатоците утврдени со Записник бр. 29-523 од 04.07.2025 година и тоа:

   1.1 Да изврши асфалтирање на внатрешните оперативни патишта во инсталацијата каде се движат тешките товарни возила кои претставуваат доминентен извор на емисии на прашина во амбиентниот воздух.
   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

   1.2 Да го интензивира извршувањето на мерката за навлажнување на патиштата со поголема фреквенција, за целото работно време на инсталацијата.
   Рок: веднаш со денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 на ден 03.07.2025г. изврши вонреден инспекциски надзор на Друштвото за производство трговија и транспорт МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, оператор на инсталацијата за производство на асфалт и ископ, дробење и сеење на минерална суровина никел, варовник и дијабаз, лоцирана во м.в. Гроот Велес, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3-138/2021 од 25.02.2022г. и Б-Интегрирна еколошка дозвола бр. 08-1182/9 од 22.008.2019г. која е составен дел на А-Интегрираната еколошка дозвола.

Надзорот е извршен во врска со допис доставен од Министерството за животна средина и просторно планирање со прилог Пријава од физичко лице од Велес, со наводи дека: “Од сепарацијата пред Велес се крева прашина која како облак е постојано над Велес, и која предизвикува здравствени проблеми на лицето“, а со цел да се утврди изворот на емисии на прашина, односно дали операциите во инсталацијата во однос на справување со емисиите на прашина во животната средина се спроведуваат согласно условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола.

При надзорот беше присутен раководителот на копот Драган Ковиловски, а сосопственикот Сашко Дамевски и овластеното лице за животна средина Горан Ковиловски се присутни при запознавање со содржината на записникот и негово потпишување.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-523 од 04.07.2025 година.

Во време на надзорот вршат активности на дробење, мелење, сеење на минерална суровина-варовник, од линија за сепарација со бр. 1 утврдена во дозволата. Линијата бр.3 е во времен прекин на работа заради дефект, кој треба да биде отстранет во скоро време, а линијата 2 е во мирување и не е активна. Постројката за производство на асфалт работи во дисконтинуитет, по потреба зависно од нарачките, а во време на надзорот не работи.

При надзорот се констатира дека сите оперативни патишта се влажни, а за оваа постапка операторот има две цистерни - една за работа, друга како резервна во случај на дефект, а со цел да се намалат емисиите на прашина. Водата за оваа постапка е обезбедена од бунар за користење на подземна вода за технолошки потреби за чие користење е издадена дозвола од надлежен орган и поставен систем со пумпи и сензори за автоматско дополнување на водата во резервоарите.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

По внатрешните сообраќајници и главниот капитален пат (кој е асфалтиран) кој води до инсталацијата која е лоцирана во м.в. Гроот постојано се движат тешки товарни возила и останата механизација во функција на инсталацијата.

Од движењето на тешките товарни возила низ инсталацијата се создаваат емисии на прашина која се шири во амбиентниот воздух. Согласно Модел на дисперзија на емисиите на цврсти честички (ПМ10) на отворениот коп на локалитетот ГРООТ со тех.бр. НК - 050119 (во прилог на Барањето за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола), согласно кој е извршена проценка на емисиите на прашина во амбиентниот воздух од работата на инспалацијата, "најзначаен извор на емисии на прашина во воздухот на локацијата има транспортот на материјалите низ локацијата".

Во Барањето за добивање на А-ИЕД, во Програмата за подобрување во описниот дел како Активност бр. 3 е предвидена мерка - Асфалтирање на пристапните и оперативните патишта за вршење на дејноста.

Во Табела 9.1.1 од Програмата за подобрување во состав на А-ИЕД во точка 4. е пропишана мерката - Асфалтирање на патеката на движење на камионите низ инсталацијата како мерка за намалување на фугитивните емисии на прашина, со утврден временски рок на реализација на оваа мерка тековно. При надзорот се констатира дека не е започнато со реализација на оваа мерка.

Заради многу високите температури мерката за навлажнување на патиштата е со привремено дејство, подлогата која е тампонирана со ситен тампон брзо се суши, а ветерот кој дува ја разнесува прашината во околината, особено во попладневните часови кога емисиите на прашина се позначителни. Заради силните ветрови кои дувале во изминатиот период, два дена во изминатата седмица операторот бил приморан целосно да ја запре работата во инсталацијата заради густи облаци прашина која подигната од подлогата се разнесувала со воздухот по околината, што е спротивно на услов 6.1.8 од Б-Интегрираната еколошка дозвола, која е составен дел на А-Интегрираната еколошка дозвола и кој утврдува дека: "Емисиите од инсталацијата не треба да содржат густ облак прашина која се шири во околината".

Заради поплаките, потребно е интензивирање на мерката за навлажнување на патиштата со поголема фреквенција за сето работно време на инсталацијата.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 26, а во согласност со член 200 став 1 точка 1 и точка 14 од

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган или суд, во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-523 на ден 10.07.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:

- Архива
- Субјектот на надзор

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243